Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00 и 12/03), а согласно член 3-ѓ од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93; 3/94; 71/96; 46/00; 11/01, 93/01; 46/02; 24/03; 85/03 и 96/04) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.06. 2005 година донесе:

# **О Д Л У К А**

## **за начинот на пренесување на основите за присилна наплата од сметките на општините во деловни банки на трезорската сметка**

**(* Одлуката е објавена во Службен весник на Република Македонија бр.46/05 )**

### **Член 1**

Со оваа одлука се уредува начинот на пренесување на неизвршени налози по основ на присилна наплата (решенија за присилна наплата, налог за блокада и акцептни налози) од сметките на општините во деловни банки, на трезорската сметка.

### **Член 2**

Банките, по барање на општините на кои сметките им се блокирани по основ на присилна наплата, ги затвораат сметките со пренесување на неизвршени налози по основ за присилна наплата на новоотворените сметки на општините во рамки на трезорската сметка, кои согласно Законот за буџетите се водат во Народна банка на Република Македонија.

Со затворањето на сметките од став 1 на овој член, банките, на Народна банка на Република Македонија и ја пренесуваат целокупната документација врз основа на која се блокирани сметките и ја доставуваат спецификацијата од член 3 од оваа одлука.

### **Член 3**

Банката е должна на денот на затворањето на сметките на општината која има неизвршени налози по основ на присилна наплата, да изготви спецификација со следните податоци:

- основ за присилна наплата,
- назив на должникот и доверителот,
- исплатен износ и по кој основ (трошоци, камата, главен долг),
- датум на последна исплата односно датум на блокада,
- ненаплатен износ и по кој основ.

Спецификацијата од став 1 од овој член е дадена на образец кој е составен дел на оваа одлука.

**Член 4**

Народна банка на Република Македонија примерок од добиената спецификација од член 3 на оваа одлука, доставува до Министерството за финансии - Сектор за трезор.

**Член 5**

Народна банка на Република Македонија до целосно спроведување на налозите по основите за присилна наплата постапува согласно Упатството за начинот на извршување на налозите по решенија за присилна наплата кои ја задолжуваат трезорската сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорската сметка.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НАРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
*д-р Владо Бучковски*

Број 19-2293/1
10 јуни 2005 година
Скопје

Образец

СПЕЦИФИКАЦИЈА

На блокирани сметки на општини во

___

( име на банка)

1. Основ за присилна наплата ___________________

2. Должник Општина _________________________

3. Даночен број на должникот_________________

4. Доверител:________________________________ сметка ___________________

5. Датум на блокада: _________________________

6. Датум на последна исплата_________________

8. Обврски по основ за присилна наплата:

| Ред. бр. | Основ за наплата | обврска | исплатено | Останува за наплата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Главен долг | | | |
| 2. | Камата | | | |
| 3. | Процесни трошоци | | | |
| 4. | Извршни трошоци | | | |
| 5. | Други трошоци | | | |

Прилог: ( се набројува целата документација за блокирање на сметката која се доставува до Народна банка на Република Македонија)